# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

05.11.2025 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.01 ГОД.25

ПРИМЕРОКОТ Е
Б Е С П Л А Т Е Н

1.Предлог за формирање на Комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Босилово.
2.Верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Босилово.
- Свечена изјава
3.Предлог за избор на претседател на Советот на општина Босилово.
4.Предлог за избор на Комисија за мандатни прашања,избори и именувања.
5.Предлог-одлука за овластувања на градоначалникот на Општина Босилово и на советниците на Советот на општина Босилово да учествуваат во постапката за склучување на бракови во Матичната канцеларија во с.Босилово.
6.Предлог-Одлука за прифаќање на донација.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Решение бр.08-3307/1 од 05.11.2025 година за Комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Босилово, донесено на првата конситутивна седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 05.11.2025 година.

**09-3313/1** **Општина Босилово**
**05.11.2025 година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 38 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14)а в.в со член 4 и член 122 од Деловникот на Советот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.27/2007)Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 05.11.2025 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

**за избор на Комисија за верификација на мандатите**
**на членовите на Советот на општина Босилово**

1.За претседател и членови на Комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Босилово ,се избираат:
- **Зорица Џолев**
- **Спасе Митев**
- **Аце Дедејски**

2. Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Босилово ги разгледува оригиналите на издадените уверенија од општинска изборна комисија за избор на членовите на Советот,врши соодветна идентификација и му доставува на Советот предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот и ги разгледува приговорите во врска со предлозите за верификација.
3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово

**Бр.08-3307/1** **Совет на општина Босилово**
**05.11.2025 година** **Претседател,**
**Мито Андонов с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучок бр.08-3308/1 од 05.11.2025 година за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Босилово,донесен на првата конститутивна седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 05.11.2025 година.

**бр.09-3314/1** **ОпштинаБосилово**
**05.11.2025 година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 3 од Деловникот на Советот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.27/2007) Советот на општина Босилово по предлог на Комисијата за верификација на мандатите на членовите на советот, на седница одржана на ден 05.11.2025 година донесе,

**Заклучок за верификација на мандатите**
**на членовите на Советот на општина Босилово**

1.**СЕ ВЕРИФИКУВААТ** мандатите на членовите на Советот на општина Босилово:
- **Горанчо Граждanлиевски**
- **Сашко Митров**
- **Георге Митров**
- **Благица Делева**
- **Спасе Митев**
- **Зорица Џолев**
- **Катерина Трендова**
- **Николчо Тантушев**
- **Јованка Јовнова**
- **Дончо Крстев**
- **Аце Дедејски**
- **Роберт Бонев**
- **Елена Гогова**
- **Александар Смиланов**
- **Бошко Божинов**

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово

**Бр.08-3308/1** **Совет на општина Босилово**
**05.11.2025 година** **Претседател,**
**Мито Андонов с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Решение бр.08-3309/1 од 05.11.2025 година за избор на претседател на Советот на општина Босилово,донесено на првата конситутивна седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 05.11.2025 година.

**бр.09-3315/1** **Општина Босилово**
**05.11.2025година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 47 став 1 од Закон за локална самоуправа самоуправа(Службен весник на РСМ"бр.5/2002,84/2020,202/2024) член 19 став од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14) и член 31 и член 33 од Деловникот на Советот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.27/2007)Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 05.11.2025 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Претседател**
**на Советот на општина Босилово**

1.За претседател на Советот на општина Босилово се избира советникот **Горанчо Гражданлиевски од с.Босилово.**

2.Мандатот на претседателот на Советот трае 4(четири) години.

3.Претседателот на општината ги има следните права и должности:
ги свикува и раководи со седниците на Советот;
се грижи за организацијата и работата на Советот;
ги потпишува одлуките и актите на Советот и ги доставува на Градоначалникот заради објавување;
дава иницијатива за претресување одделни прашања од делокругот на Советот и комисиите и се грижи за усогласување на нивната работа;
ја поттикнува и помага меѓусебната соработка на комисиите на Советот и се грижи за нивната соработка со други органи;
ги закажува седниците на комисиите кага по барање на членовите на комисијата седницата нема да ја закаже претседателот на комисијата;
се грижи за примената на деловникот;
ги толкува одредбите на деловникот ;
иницира и остварува соработка и координација со претседателите на советите на други општини и
врши и други работи определени со закон, Статутот и со овој деловник.

4.Претседателот на Советот има право да учествува во работата на комисиите на Советот и да им предлага да претресуваат прашања од нивна надлежност.

5.Решението влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-3309/1** **Совет на општина Босилово**
**05.11.2025 година** **Претседател,**
**Мито Андонов с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Решение бр.08-3310/1 од 05.11.2025 година за Комисија за мандатни прашања,избори и именувања, донесено на првата конситутивна седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 05.11.2025 година.

**бр.09-3316/1** **Општина Босилово**
**05.11.2025година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 32 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14), член 4 од Деловникот на Советот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.27/2007)Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 05.11.2025 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Комисија за мандатни прашања,избори и именувања**

1.За претседател и членови на Комисија за мандатни прашања,избори и именувања ,се избираат:

- **Горанчо Гражданлиевски**
- **Николчо Тантушев**
- **Катерина Трендова**
- **Јованка Јованова**
- **Елена Гогова**

2. **Комисијата за мандатни прашања,избори и именувања ги има следните надлежности:**
- Разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања,
- Рзгледува и подготвува предлози за избори и именувања и разрешувања од надлежност на Советот на Општината,
- Определува плати,надоместоци и други примања на избрани и именувани лица,
- Дава предлог за висината на надоместокот на патните и дневните трошоци,на задачите на Советот на Општината, како и на трошоци направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на Општината.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово

**Бр.08-3310/1 Совет на општина Босилово**
**05.11.2025 година Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-3311/1 од 05.11.2025 година за овластувањена градоначалникот на општина Босилово и членовите на Советот на општина Босилово да учествуваат во склучување на бракови,донесена на првата конститутивна седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 05.11.2025 година.

**бр.09-3317/1 Општина Босилово**
**05.11.2025 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 27 од Закон за семејство и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 05.11.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за овластување на градоначалникот на општина Босилово и на членовите на Советот на општина Босилово да учествуваат во постапката за склучување на бракови**

**Член 1**

Се овластуваат градоначалникот на општина Босилово и членовите на Советот на општина Босилово да учествуваат во склучување на бракови.

**Член 2**

Примерок од оваа одлука да се достави до Матичната канцеларија во с.Босилово со листа на податочи за членовите на Советот на општина Босилово.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово

**Бр.08-3311/1 Совет на општина Босилово**
**05.11.2025 Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на

општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука бр.08-3312/1 од 05.11.2025 година за прифаќање на донација од „OSTSCHWEIZER FACHHOCHSCHULE ST. GALLEN„ (Источно Швајцарски технички колеџ - Сент Гален, Швајцарија),донесена на првата конститутивна седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 05.11.2025 година.

**бр.09-3318/1** **Општина Босилово**
**05.11.2025 година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р**

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово („Службен гласник на општина Босилово„бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 05.11.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација**

**Член 1**

Со оваа одлука општина Босилово во својство на примател на донација ја прифаќа донацијата од „OSTSCHWEIZER FACHHOCHSCHULE ST. GALLEN„ (Источно Швајцарски технички колеџ - Сент Гален, Швајцарија) која се состои од:

5 столови за седење
3 ормари
47 големи маси
10 мали маси
4 безбедносни врати
10 проектори со резервни ламби
4 проектори со фолија со резервни ламби
Кофи за отпад
1 машина за сечење на дрво и метал,
наменета за потребите на општина Босилово и воспитно-образовните институции во општината.

**Член 2**

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту пак обврска за враќање од страна на примателот на донацијата дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово„.

**Бр.08-3312/1** **Совет на општина Босилово**
**05.11.2025** **Претседател,**
**Горанчо Граждданлиевски с.р.**